# ФИЗИЧКА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Физичката безбедност на класифицираните информации се имплементира со цел да се намалат ризиците, да се спречи неовластен пристап, да се детектира обид за неовластен пристап и на тоа да се возврати со ефективен одговор.



Мерките за физичка безбедност се имплементираат за сите локации, згради, канцеларии, простории, и други зони во кои се ракува и се чуваат класифицирани информации, вклучително и за зони во кои се сместени комуникациско информатички системи.



Овие мерки се преземаат за да спречат неовластен пристап до класифицираните информации и да:

- овозможат класифицираните информации да се чуваат и со нив се ракува на соодветен начин;
- направат поделба на персоналот во делот на пристап до класифицирани информации согласно принципот „Потребно е да знае“, и каде е возможно согласно нивниот безбедносен сертификат; одвратат, спречат и да детектират неовластен пристап; и
- ги одбијат или одолговлечат делата на прикриено или насилно влегување на натрапници и нелојален персонал.





Изборот на мерки кои ќе се употребат за физичка безбедност на класифицирани информации зависи од спецификата на објектот, бројноста на класифицираните информации, нивниот степен, како и пошироката локација на објектот. Врз основа на овие параметри се прави генерална проценка на ризик, врз основа на која се применуваат мерките за физичка безбедност. Целта на процената е да го координира и оптимизира користењето на ресурси и да ги мониторира, контролира и минимизира заканите кои можат да ја нарушат безбедноста.

Мерките за физичка безбедност потребно е да бидат базирани на принципот „одбрана по длабочина“ , иако мерките за физичка безбедност се специфични за секој објект одделно, принципот „одбрана по длабочина“ секогаш треба да биде применет.

Ракувањето и чувањето на класифицирани информации се врши во безбедносни и административни зони.

- Зоните во кои се ракува и се чуваат класифицирани информации со степен „Доверливо“ и повисоко, се воспоставуваат како безбедносни зони од прв и/или втор степен.
- Зоните во кои се ракува и се чуваат класифицирани информации со степен „Интерно“, се воспоставуваат како административни зони. Административните зони се воспоставуваат пред и околу безбедносните зони. ипот „одбрана по длабочина“ секогаш треба да биде применет.





Класифицираните информации кои не се под контрола и надзор на лица кои се овластени за ракување со истите, потребно е да бидат сместени и заклучени во безбедносни сефови, простории или зони, специфицирани согласно степенот на класификација на информациите.

Физичката безбедност на класифицирани информации ги пропишува и условите на прием на посетители во административните и безбедносните зони, контрола на клучевите и шифрите од безбедносните сефови и безбедносните врати и нивна заштита, како и стандардите за сертифицирана безбедносната опрема која се користи за заштита и чување на класифицираните информации.





Користењето на сертифицирана безбедносна опрема дава соодветна заштита за класифицираните информации, согласно нивниот степен на класификација, и во комбинација со принципот „одбрана по длабочина“ претставува тешко совладлива алатка во борба со нелојалниот персонал и надворешните натрапници кои ги таргетират класифицираните информации.

***ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ***
***ТЕЛ: 02/3299-820; ФАКС: 02/3299-829***
***e-mail: direkcija@dbki.gov.mk***
***web: www.dbki.gov.mk; www.nsa.gov.mk***